РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-486/6
01.09. 2023 год.-viti

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 06-09-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 578/46 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 57 седница одржана на 27.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по политички системи од областа Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции /во меѓународен промет, стручен, назив: Master (M.A.) in Political Science in the area of International Relations, Diplomacy and European Integration.
Научно - истражувачко подрачје: 5-Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 507 Политички науки , Научно – истражувачка област: 50700, 50704, 50705, 50709.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/36 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Правен факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.09-114/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 486/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 486/3 од 03.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 57-та седница одржана на 27.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Бр. 08-1158/4
15-09-2023 год.

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Скопје

| Примено: 20-09-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 578/60 | | |

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), по „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), по „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-486/6 од 01.09.2023 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-578/48 од 06.09.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-1158/1од 06.09.2023 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), по „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Mbi bazë të nenit 145 paragrafi (6) dhe neni 227 të Ligjit për arsim të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.82/18 dhe "Gazetës zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut"nr. 178/21), drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, sjell

**A K T V E N D I M**
**për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (120 SETK), nga „Marrëdhëniet ndërkombëtare, diplomacia dhe integrimi evropian", në Fakultetin Juridik "Justiniani i Parë" pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup**

1. Me këtë Aktvendim përcaktohet se janë plotësuar kushtet për fillim me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (120 SETK), nga „Marrëdhëniet ndërkombëtare, diplomacia dhe integrimi evropian", në Fakultetin Juridik "Justiniani i Parë" pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup.
2. Ky Aktvendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

**A r s y e t i m**

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr. 08-486/6 të datës 01.09.2023 nga ana e Bordit për Akreditim të Arsimit të Lartë, Fakulteti Juridik "Justiniani i Parë" pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup i drejtohet, me kërkesë nr. 09-578/48 të datës 06.09.2023, Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me numrin tonë 08-1158/1 të datës 06.09.2023, për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (120 SETK), nga „Marrëdhëniet ndërkombëtare, diplomacia dhe integrimi evropian", në Fakultetin Juridik "Justiniani i Parë", pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1158/2 од 07.09.2023 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 11.09.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-1158/3 од 15.09.2023 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), по „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me Aktvendim nr. 08-1158/2 të datës 07.09.2023, formoi Komision për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të shënuar në pikën 1 të këtij Aktvendimi.

Komisoni, më 11.09.2023, kreu inspekimin dhe përgatiti Raportin me nr. 08-1158/3 të datës 15.09.2023, ku është shënuar se, për programin studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (120 SETK), nga „Marrëdhëniet ndërkombëtare, diplomacia dhe integrimi evropian", në Fakultetin Juridik "Justiniani i Parë" pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup, janë përmbushur kushtet, në përputhje me dispozitat e përcaktuara me Ligjin për arsim të lartë dhe Rregulloren për normativin dhe standardet për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë si dhe për realizimin e veprimtarisë së arsimit të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11).

Duke marrë parasysh atë që u theksua, u vendos si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij Aktvendimi, mund të inicohet kontest administrativ, me parashtrimin e ankesës deri te Gjykata Administrative e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të këtij Aktvendimi.

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

Dorëzuar deri te:
- Institucioni i arsimit të lartë
- Arkivi

изработил/përgatiti: Милена Ефремовска
одобрил/miratoi: Sevgil Murtezi

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**